# 285. МИ ГО ЗАТВОРИЛЕ МЛАДИОТ ЈОРДАНЧО




Ми го затвориле младиот Јорданче,
ми го затвориле темните зандани.

Тамо ми лежеше време три години,
време три години и шест месеци.

Два пати ми чукна а три подвикна,
кога го дочула неговата мајка,
порти отворила сина прегрнала.

Во зандани има вода до колена,
вода до колена, коски до рамена.

Кога дојде време Јордан да се пушти,
право тој ми оди во негово село,
во негово село, во негова куќа.

- Каде ми е мајко мојто верно либе?
- Твојто верно либе сношти се омажи,
сношти се омажи за твојот побратим.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995